Почитуван г

Координативното тело за следење на почитувањето на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми постапува според одредбите на Правилникот за работење на ова тело, а во согласност со Меморандумот за соработка меѓу шест организации од медиумскиот сектор.

Заедничка цел на потписниците на Меморандумот е јакнење на интегритетот и зголемување на транспарентноста на изборите, јакнење на довербата на граѓаните и обезбедување поволен амбиент за почитување на законски загарантираните права, на слободата на изразување и информирање, како и заштита на приватноста и безбедноста на граѓаните во онлајн просторот во време на изборни процеси.

Во овој контекст, Координативното тело, согласно роковите предвидени во Правилникот, донесе заклучок дека претставката од коалицијата „Вреди" за видео-прилогот објавен на 19.08.2025 година на порталот Тетова сот, со наслов „Нема струја во Желино, граѓаните револтирани. Овие се крадци", не се однесува директно на изборна тема и поради тоа не може да биде предмет на разгледување.

Забелешките од Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), едно од телата каде што се упатуваат за мислење претставките пристигнати до Координативното тело, се однесуваат на пречекорувања на етичките стандарди зацртани во Кодексот на новинарите на Македонија (член 1 и член 13), во прилог што обработува тема од јавен интерес.

Во продолжение куси извадоци од образложението на Комисијата за жалби при СЕММ:

„Насловот е сензационалистички и содржи силно обвинување („Овие се крадци") без атрибуција, што веднаш ја замаглува границата меѓу факт и мислење. Всушност, таква реченица не е изговорена во прилогот. Еден од соговорниците вели "се полнат џебови и сл.", но „Овие се крадци" не вели никој."

„Во текот на видеото, голем дел од просторот е даден на револтот на граѓаните и нарацијата на новинарот што ја засилува негативната слика, со констатации дека не ги платиле долговите". Овој пристап создава впечаток на едностраност и предвремено судење."

„Иако во продолжението се вклучени и ставови од службеници, директорката на Дирекцијата за матични книги во Тетово и соопштение од директорот тие се појавуваат дури на крајот од прилогот, во позиција што е очигледно несиметрична. Тежината на негативниот наратив, сензационалистичкиот наслов и долгиот сегмент со анкета на граѓани практично ја минимизираат улогата на „втората страна".

„Официјалната верзија за „технички проблем" како и фактот дека станува збор за приватен објект е вклучена, но е ставена во втор план, а не како рамноправен дел од прикажаната. Ова значи дека формално постои баланс, бидејќи и институциите добиваат збор, но тој е нерамноправно и пристрасно врамен. Втората страна не е еднакво застапена ниту во времетраење, ниту во тежина на аргументите. "

Срдечен поздрав,

Скопје,
02.09.2025 година

**Координативното тело**
**за следење на почитувањето на начелата и**
**стандардите од Кодексот**

**Билјана Георгиевска**
**Координаторка**